# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 161/2009, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15 и 193/15), членот 7-д се менува и гласи:
„Превозникот барањето за добивање на одобрението го поднесува до Министерството за транспорт и врски со точно наведување на бројот на моторните возила со кои ќе го врши превозот, податоци за бројот на приклучните возила и писмени докази за исполнување на условите од членот 7-г од овој закон.
Одобрението се издава најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за негово издавање.
Против решението на Министерството за транспорт и врски со кое барањето за издавање на одобрение се одбива може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.
Начинот за издавање и одземање на одобрението за превоз на опасни материи во патниот сообраќај го пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 2**

Во членот 7-е став 3 зборовите: „Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

**Член 3**

Во членот 12 став 1 зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството".

**Член 4**

Во членот 20-в став 7 зборот „Министерот" се заменува со зборот „Министерството".

**Член 5**

Во членот 37 зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството", а зборовите: „директорот на" се бришат.

**Член 6**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 7**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).